Службен гласник на Општина Штип

Службен гласник
на Општина Штип
Излегува по потреба

Број 15
9 ноември 2026 година

С О Д Р Ж И Н А

Р. бр.		страна
815.	Решение за за именување на овластени лица за испитување на алкохолисаност со апарат дрегер.	1308
816.	Правилник за начинот и постапката за испитување на алкохолисаност во текот на работното време кај вработените во општинската администрација на Општина Штип и кај вработените во ТППЕ - Општина Штип.	1309

815.

Врз основа на член 50 став (1) точка 14 и 16 од („Службен весник на РМ" број 05/02 и 202/24),а во врска со член 82 став (1) точка 4 од Законот за работните односи („Службен весник на Република Македонија" бр. 62/05, 106/08, 161/08, 114/09, 130/09, 50/10, 52/10, 124/10, 47/11, 11/12, 39/12, 13/13, 25/13, 170/13, 187/13, 113/14, 20/15, 33/15, 72/15, 129/15, 27/16, 120/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 110/19, 267/20, 151/21, 288/21, 111/23, 39/25, 74/25 и 124/25), член 73 став (1) точка 18 од Законот за административните службеници (Службен Весник на Република Македонија бр.27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 и Службен Весник на Република Северна Македонија бр. 275/19,14/20, 215/21,99/22 и 208/24) и член 40 од Законот за вработените во јавниот сектор (Службен весник на Република Македонија" бр. 27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 143/19 и 14/20) Градоначалникот на Општина Штип го донесе следново:

Р Е Ш Е Н И Е
за именување на овластени лица за испитување
на алкохолисаност со апарат дрегер

1. Со ова Решение се именуваат лица кои се вработени во општинската администрација на Општина Штип и во ТППЕ Штип за овластени лица за испитување на алкохолисаност со апарат дрегер во текот на работното време кај вработените во општинската администрција во Општина Штип и кај вработените во ТППЕ Штип.
2. Се овластуваат следниве вработени во општинската администрација на Општина Штип и ТППЕ Штип за овластени лица за испитување на алкохолисаност со апарат дрегер:

- **Благој Ренџов - Командир на ТППЕ Штип**
- **Виктор Вацев - раководител на Одделение за комунални дејности во Одделение за комунални дејности**
- **Горан Здравков - самостоен референт - комунален редар во Одделение за комунални дејности.**

3. **Овластените лица од точка 2 од ова Решение поседуваат соодветен сертификат издаден од лиценцирана фирма за ракување и за испитување на алкохолисаност со апарат дрегер.**
4. Овластените лица од точка 2 од ова Решение се овластени во бил кој момент во текот на работното време во Општина Штип и во ТППЕ Штип да вршат испитување на алкохолисаност со апарат дрегер кај вработените во општинската администрација и кај вработените во ТППЕ Штип.
5. За извршеното испитување на алкохолисаност овластеното лице кое го врши испитувањето составува записник.
6. Ова решение влегува во сила со денот на неговото донесување.
7. Ова решение ќе се објави во Службен гласник на Општина Штип.

О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Согласно законската регулатива од делот на работните односи, најстрого се забранува внесување и конзумирање на алкохол и присуство под дејство на алкохол, на работното место во текот на работното време.

Токму од овие причини Градоначалникот на Општина Штип именува овластени лица од редот на вработените во општинската администрација на Општина Штип и од редот на вработените во ТППЕ Штип за овластени лица за испитување на алкохолисаност со апарат дрегер.

Лицата кои се именуваат за овластени лица имаат овластување во бил кој момент во текот на работно време, на своја сопствена проценка да извршат исптување на алкохолисаност со апарат дрегер кај вработените доколку се сомничат дека некој вработен конзумирал алкохол на работното место или истиот е под дејство на алкохол на работното место.

За извршеното испитување на алкохолисаност со апарат дрегер овластеното лице кое го врши испитувањето составува ссодветен записник.

Согласно горенаведеното се одлучи како во диспозитивот на Ова решение.

Правна поука: Против ова Решение може да се изјави жалба до Градоначалникот на Општина Штип во рок од 8 (осум) дена од приемот на истото.

Број 09- 7595/1
9 ноември 2026 година

Општина Штип
Градоначалник

Ш т и п

Иван Јорданов, с.р.

816.

Врз основа на член 50 став (1) точка 13 и точка 16 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на Р.М. бр. 5/2020 и Службен весник на Р.С.М. 202/2024), во врска со член 40 од Законот за вработените во јавниот сектор (Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 143/19 и 14/20), член 82 став (1) точка 4 од Законот за работните односи (,,Службен весник на РМ” бр. 3/06, 44/06, 65/06, 16/07, 57/07, 77/07, 106/08, 161/08, 63/09, 114/09, 130/09, 149/09, 10/10, 50/10, 52/10, 58/10, 124/10, 132/10, 47/11, 11/12, 39/12, 13/13, 25/13, 170/13, 187/13, 106/14, 113/14, 20/15, 33/15, 72/15, 129/15, 27/16, 134/16, 120/18, 110/19, 267/20, 151/21, 288/21, 288/21, 111/23, 39/25, 74/25, 124/25) и член 73 став (1) точка 18 од Законот за административните службеници (Службен Весник на Република Македонија бр.27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 и Службен Весник на Република Северна Македонија бр. 275/19,14/20, 215/21,99/22 и 208/24) а согласно член 36 став (1)

алинеја 9 од Статутот на Општина Штип (,,Службен гласник на Општина Штип" бр. 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 5/21) Градоначалникот на Општина Штип донесе:

ПРАВИЛНИК

за начинот и постапката за испитување на алкохолисаност во текот на работното време кај вработените во општинската администрација на Општина Штип и кај вработените во ТППЕ - Општина Штип

ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој Правилник се уредува начинот и постапката за испитување на алкохолисаност кај вработените во општинската администрација при Општина Штип како и кај вработените во ТППЕ при Општина Штип во текот на работното време.

Член 2

Најстрого се забранува внесување и употреба на алкохол во општинската зграда на Општина Штип од страна на вработените во општинската адмнистрација на Општина Штип во текот на работоното време како и присуство на работно место и работа во текот на работно време под дејство на алкохол.

Најстрого се забранува внесување и употреба на алкохол во просториите на ТППЕ Штип од страна на вработените во ТППЕ Штип во текот на работното време како и присуство на работно место и работа во текот на работното време под дејство на алкохол.

Член 3

Вработените во општинската администрација во Општина Штип како и вработените во ТППЕ Штип се должни да се придржуваат кон одредбите од овој Правилник и истите се должни да ги почитуваат.

ПРАВА, ОБВРСКИ И ОДГОВОРНОСТ.

Член 4

При извршувањето на своите работни задачи вработените се лично одговорни за работите и работните задачи кои произлегуваат од работното место за кое се распоредени.

За секоја повреда при извршувањето на работите и работните задачи кои произлегуваат од работното место за кое се распоредени вработените одговарат дисциплински.

Член 5

Во случај на внесување и употреба на алкохол на работното место во текот на работното време како и во случај на присуство на работно место од страна на вработените под дејство на алкохол вработените одговараат дисциплински.

Член 6

За испитување на алкохолисаност во текот на работното време кај вработените во Општина Штип и кај вработените во ТППЕ Штип, односно за утврдување дали вработениот е под дејство на алкохол на работно место во текот на работно време во Општина Штип и во ТППЕ Штип, Градоначалникот на Општина Штип со посебно решение овластува лица од редот на вработените во Општина Штип и од редот на вработените во ТППЕ Штип да извршат испитување на алкохолисаност со апарат дрегер кој апарат согласно законската регулатива поседува соодветен Сертификат издаден од Бирото за метрологија и истиот е со соодветен сериски број и е набавен од овластена фирма за набавка на апарати дрегер.

Член 7

За испитување на алкохолисаност во текот на работно време на работно место се користи апарат дрегер, кој што апарат е набавен од лиценцирана фирма, кој што апарат дрегер содржи соодветен сериски број,вид, тип и година на производство.

Пред отпочнувањето со користење на апаратот дрегер, истиот се доставува до Бирото за метрологија при што за истиот од страна на Бирото за метрологија се издава содветен сертификат за користење на апарат дрегер.

Овластените лица кои се овластени од страна на Градоначалникот на Општина Штип пред да започнат со користење на апаратот дрегер заради испитување на алкохолисаност кај вработените, задолжително посетуват обука, која обука ја врши лиценцирана фирма за набавка на апарат дрегер и после завршената обука на овластените лица им се издава соодветен сертификат за ракување и користење на апарат дрегер.

Член 8

Доколку кај вработените во Општина Штип и кај вработените во ТППЕ Штип се појави сомнеж дека некој од вработените внесува, употребува алкохол и на работното место во текот на работно време е под дејство на алкохол, истиот е должен да го пријави тоа на својот непосреден раководен административен службеник, Секретарот на Општина Штип, Командирот на ТППЕ или Командирот на Одделение кое е на смена во моментот во ТППЕ Штип.

Во случаите наведен во став (1) од овој Правилник, непосредниот раководител, Секретарот на Општина Штип, Командирот на ТППЕ или Командирот на одделение, веднаш повикуват едно од овластените лица за испитување на алкохолисаност со апарат дрегер. Овластеното лице за испитување за алкохолисаност испитувањето го врши со апарт дрегер, во присуство на непосредниот раководител, Секретарот на Општина Штип, Командирот на ТППЕ или Командирот на одделение и во присуство на сведоци, односно вработените од канцеларијата со кој е вработениот кој е подложен на испитување или со колегите од смената во ТППЕ Штип.

При извршеното испитување за алкохолисаност со апарат дрегер од страна на овластеното лице задолжително се составува записник кој е даден во прилог на овој Правилник.

Записникот задолжително содржи датум, време и место каде е извршено испитувањето сериски број на дрегер апарат и тип на дрегер апарат со кој е извршено испитувањето и степенот на алкохолисаност кај вработениот даден во промили.

Записникот задолжително го потпишува овластеното лице, вработениот над кој е извршено испитувањето, непосредниот раководител, Секретарот на Општина Штип , Командирот на ТППЕ или Командирот на одделение и сведокот во чие присуство е извршено испитувањето.

Доколку вработениот над кој е извршено испитување за алкохолисаност, одбие да го потпише записникот истото се наведува во записникот.

Доколку сведокот одбива да го потпише записникот дека во негово присуство е извршено испитување на алкохолисаност кај вработен истото се наведува во записникот.

Член 9

Лицата кои од редот на вработените во општинската администрација на Општина Штип и од редот на вработените во ТППЕ Штип се овластени од страна на Градоначалникот на Општина Штип за испитување на алкохолисаност, се овластени во секое време во текот на работното време кај било кој вработен во Општина Штип или кај вработен во ТППЕ Штип да извршуват испитување за алкохолисаност доколку кај овластените лица постои сомнеж дека некој вработен е под дејство на алкохол во текот на работното време.

Член 10

Сите вработени во Општина Штип и вработените во ТППЕ Штип се должни во текот на работното време и на работно место доколку овластено лице за испитување на алкохолисаност побара од нив побара да им биде извршено испитување на алкохолисаност да дозволат да им биде извршено испитување за алкохолисаност.

Доколку вработениот одбива да му биде биде извршено испитување за алкохолисаност, тогаш против вработениот ќе биде покрената соодветна дисциплинска постапка за кршење на работниот ред и дисциплина или за сторена повреда на службената должност.

Вработените во Општина Штип како и вработените во ТППЕ Штип потпишуваат согласност која е дадена во Прилог на овој Правилник.

Доколку вработениот одбие да ја потпише оваа согласност тоа не го ослободува од обврската дека над него во секој момент може да се изврши испитување за алкохолисаност.

Член 11

При постоење на околности и основи за сомневање за присуство или употреба на алкохол во работните простории во текот на работно време испитувањето за алкохолисаност се врши и над вработените кои се во иста

канцеларија со вработениот над кој му се врши испитувањето или на сите вработени кои се на смена во ТППЕ Штип.

Пред отпочнувањето со испитување на алкохолисаност, овластеното лице најпрво врши испитување за алкохолисаност самиот на себе, па потоа врши испитување на алкохолисаност кај вработениот за кој постои сомневање дека е под дејство на алкохол и на останатите колеги кои се во иста канцеларија со вработениот над кој се врши испитувањето за алкохолисаност.

Испитувањето за алкохолисаност се врши во просториите на ТППЕ над вработен во ТППЕ, лицето овластено за испитување за алкохолисаност најпрво врши испитување на самиот себе, а потоа врши испитување над вработениот за кој постои сомнеж дека е под дејство за алкохол и над сите останати вработени кои се на смена во тој момент во ТППЕ.

Пред отпочнување на постапката за испитување на алкохолисаност лицето кое е овластено за испитување заради транспаретност на целата постапка го покажува апаратот дрегер на кој видно се гледат ознаките залепени од Бирото за метрологија и покажува копија од сертификатот издаден за апаратот дрегер издаден од Бирото за метрологија.

Член 12

Во случај на позитивен алкотест овластеното лице записникот кој го составува на лице место задно со сите останати докази ги доставува до непосредниот раководител на вработениот, доколку вработениот нема непосреден раководител записникот се доставува до Секретарот на Општина Штип заради покренување на соодветна дисциплинска постапка.

Во случај на позитивен алкотест кај вработен во ТППЕ Штип, записникот како и сите останати докази се доставуваат до Градоначалникот на Општина Штип заради покренување на соодветна дисциплинска постапка.

Кај вработениот кај кој е утврдено присуство на алкохол веднаш се отстранува од работните простории на Општина Штип или од работните простории на ТППЕ Штип.

ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 13

За се она што не е регулирано со овој Правилник важат одредбите од законските прописи.

Член 14

Овој правилник влегува во сила на денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Штип.

Прилог 1

С О Г Л А С Н О С Т

Јас, _____, вработен во Општина Штип / ТППЕ Општина Штип,распореден/а на работно место _____, СЕ СОГЛАСУВАМ во било кое време во текот на моето сменско работење, да ми се изврши проверка за присутство на алкохол со професионален дрегер апарат.

Во случај на одбивање на проверка од моја страна свесен сум за правните последици кои произлегуваат за внес и употреба, како и работење под дејство на алкохол.

Штип, **Потпис**

_____ _____

Прилог 2

Број на тест:

ЗАПИСНИК
од извршено испитување алкохолисаност кај вработен во Општина Штип / ТППЕ Штип

Овластеното лице _____ на ден _____ година во _____ часот во просториите на Општина Штип / ТППЕ Штип, со апарат ДРЕГЕР со сериски број _____ баждарен на_____ со важност од 1 година, изврши испитување заради проверка на алкохолисаност кај следниот вработен во Општина Штип / ТППЕ Штип:

Име и презиме на вработен_____

Работно место на кое е распореден вработениот _____

Пред одпочнувањето со испитувањето утврдено е дека вработениот не конзумирал акохол во последните 15 минути.

Со извршеното испитување со помош на апарат ДРЕГЕР е утврдено дека содржината на алкохол во крвта кај вработениот изнесува _____ промили.

При непосредниот разговор вработениот:

одрекува- не одрекува дека е под дејство на алкохол
бара- не бара помош за да биде одвезен до дома од работното место

Наод од утврдена фактичка состојба

_____
_____
_____
_____
_____
_____

Забелешка на вработениот:_____
_____
__

Забелешка на овластеното лице за однесувањето на вработениот во текот на испитувањето
_____
_____
_____

За содржината на записникот вработениот е запознаен непосредно.
Записникот е составен во три премироци од кои еден е врачен на вработениот над кого се врши испитувањето.

Потпис на вработениот(ако одбива да потпише да се констатира)

_____ _____
(име и презиме) (потпис)

Потпис на овластено лице

_____ _____
(име и презиме) (потпис)

Потпис на сведок (ако одбива да потпише да се констатира)

_____ _____
(име и презиме) (потпис)

Потпис на непосреден раководител/ Секретар на Општина Штип/ Командир на ТППЕ/ Командир на Одделение (ако одбие на потпише да се констатира)

_____ _____
(име и презиме) (потпис)

Број 09- 7597/1
9 ноември 2026 година

Општина Штип
Градоначалник

Ш т и п

Иван Јорданов, с.р.